Здружение на општини-ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РМ - ЗЕЛС
Бр. 0202-593/2
31.05 2018 год.
СКОПЈЕ

# ЗАПИСНИК

## од петтата седница на Управниот одбор на ЗЕЛС

Скопје, 31 мај, 2018 г.

ЗАПИСНИК
Од 5-та седница на Управниот одбор на ЗЕЛС
Скопје, 31 мај, 2018 г.

**Присутни**:

Петре Шилегов - Претседател на ЗЕЛС, Митко Јанчев - Потпретседател на ЗЕЛС, Жика Стојановски, Фатмир Дехари, Теута Арифи, Максим Димитриевски, Ивица Тошевски, Стефан Богоев, Аце Коцевски, Медат Куртовски, Миликије Халими, Саша Богдановиќ, Илија Јованоски, Марјан Даскаловски – Претседател на совет на општина Струмица.

**Дискусија**:

Со поканата за оваа седница до членовите на Управниот одбор беше доставен следниот предлог:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Презентација на Платформата / Веб апликацијата ПРИЈАВИ.МК;
2. Презентација на производите на ФАКОМ;
3. Разгледување на "Упатството за изготвување на финансиски и наративни извештаи за службени трошоци на носители на јавни функции";
4. Усвојување на СИСТЕМАТИЗИРАНИ СТАВОВИ на ЗЕЛС;
5. Разгледување на инцијативата од општината Тетово за измена на Предлог Законот за игри на среќа;
6. Разгледување на Иницијативи покренати од делегатите на втората седница на Генералното Собрание на ЗЕЛС;
7. Разно

ДНЕВНИОТ РЕД е усвоен едногласно.

Пред почетокот на работниот дел свое обраќање имаше Елена Трпковска, Државен секретар од Министерството за финансии, која упати апел за сериозно ангажирање на службите и доследна примена на Законот за пријавување и евиденција на обврски.

Посочи дека овој Закон ги опфаќа органите на државната власт, единиците на локалната самоуправа, сите установи и институции кои вршат дејности од јавен интерес утврден со закон, како и сите јавни претпријатија, трговски друштва, заводи, агенции, фондови и други правни лица чиј основач е Република Македонија или единиците на локалната самоуправа.

Согласно овој закон опфатените субјеки се должни да ги евидентираат преземените, а недоспеани обврски и доспеани, а неплатени обврски, за чија цел Министерството за финансии има изготвено софтверско решение - електронски систем за пријавување и евиденција на обврските, за што сите општини поединечно беа известени. Целта е да државата има целосен увид во долговите на сите институции, без разлика дали се министерства, агенции, општини, јавни претпријатија, ДООЕЛи или АДа, или било која друга форма на здружување каде има јавен капитал. Истакна дека Министерството за финансии направило обид да состави листа која ќе ги опфати сите општини и сите институции, јавни претпријатија, трговски друштва и сл., основани од општините, за да дојде до вкупна бројка на долгот на локалната самоуправа, но дали тие податоци се точни и релевантни не може да се потврди, па затоа упати апел општините да ги информираат сите субјекти основани од нив, опфатени со Законот, како и да го информираат Министерството за постоењето на одреден правен субјект кој не е опфатен со доставената листа. Да се воспостави тренд кој ќе се следи секој месец согласно Законот. Побара оперативност и поддршка за успешно функционирање на еден ваков систем.

**<u>ЗАКЛУЧОК:</u>** Управниот Одбор на ЗЕЛС им препорачува на сите единици на локалната самоуправа да постапуваат согласно Законот за пријавување и евиденција на обврски.

**<u>ПРВА ТОЧКА</u>: <u>Презентација на Платформата / Веб апликацијата ПРИЈАВИ. МК;</u>**

Афродита Муслиу претставник од НЕКСУС – Граѓански Концепт , Скопје одржа презентација и истакна Предлог за заедничка соработка за воспоставување на Платформа во вид на веб апликација за пријавување на јавни комунални проблеми од страна на граѓаните во единиците на локалната самоуправа. Во своето излагање накратко објасни дека **Пријави.мк** е онлајн платформа во форма на веб апликација која има за цел да ги прибира жалбите и пријавите на граѓаните во врска со јавните комунални услуги, и истите да ги претстави на интерактивна мапа на општината. Целта е да се зголеми улогата на граѓаните во решавањето на овие проблеми. Доколку општината пројави интерес да ја прифати оваа платформа, истата ќе има обврска да определи одговорно лице кое ќе ги препраќа пријавите до релевантните институции и ќе дава повратна информација до пријавувачите на проблемите за статусот на пријавата, согласно временските и буџетските можности. За да може да функционира оваа платформа општината ќе треба да плаќа определен надомест на месечно ниво, за одржување на истата. Истакна благодарност и упати апел за идна успешна соработка.

**<u>ВТОРА ТОЧКА: Презентација на производите на ФАКОМ;</u>**

Претставник од Факом АД Скопје одржа презентација на 2 проекти кои сметаат дека ќе влијаат позитивно и во урбани и во рурални средини и тоа: Модуларни монтажно - демонтажни паркинзи во челична конструкција и Мали челични монтажни мостови.
Истакна дека првиот проект кој се однесува на Модуларни монтажно - демонтажни паркинзи во челична конструкција би бил особено корисен за поголемите градови со тесни грла и проблеми со паркирање. Сметаме дека монтажно - демонтажни паркинзи се добро, ефикасно, рационално и ефтино решение, со предност да конструкцијата на брз начин се демонтира и по потреба да се монтира на друга соодветна локација, истакна Ристевски.

Во поглед на вториот проект - Мали челични монтажни мостови истакна дека се особено погодно решение во мали места, со тешка пристапност. Овие мостови би биле брзо и ефикасно решение за подобрување на неповолните демографски процеси во планинските и руралните подрачја, како и ефикасност при елементарни непогоди. Исто така овие мостови може да се користат и за пешачки и за лесен моторен сообраќај со носивост до 5 тони во урбанизирани подрачја за премостување на помали водени токови. Предностите се заштита од корозија и брза и ефикасна монтажа.

**<u>ТРЕТА ТОЧКА</u>: Разгледување на "Упатството за изготвување на финансиски и наративни извештаи за службени трошоци на носители на јавни функции";**

Претседателот на ЗЕЛС информираше за остварена средба со Министерот без ресор г. Поповски, задолжен за комуникација, отчетност и транспарентност, за примопредавањето на системот за транспарентност во финансиското работење на носителите на централната власт. Појасни дека ниту Владата на Република Македонија , ниту УО на ЗЕЛС не може да ја наметне обврска на единиците на локалната самоуправа за користење на оваа алатка, но пожелно е да се разгледа и да се користи, за поголема отчетност и транспарентност во трошењето на јавните финансии.

**<u>ЗАКЛУЧОК:</u>** Управниот Одбор им препорачува на членките на ЗЕЛС да ја применуваат Алатката за отчетност за трошоците на носителите на јавни функции.

**<u>ЧЕТВРТА ТОЧКА</u>: Усвојување на СИСТЕМАТИЗИРАНИ СТАВОВИ на ЗЕЛС;**

Претседателот на работната група која го изготви документот – Систематизирани ставови на ЗЕЛС, Аце Коцевски, Градоначалник на општина Велес во своето обраќање ги презентираше оценките и ставовите на ЗЕЛС за подобрување на состојбите на локалната самоуправа и посочи дека е добро сите да се фокусираат на работите кои се најактуелни и навистина потребни, кои ќе служат како поткрепа за преговори и комуникација со централната власт за подобрување на состојбата на локалната самоуправа, а поаѓајќи од значењето на истата како темелна вредност на уставниот поредок.

Излагањето на г. Коцевски беше пропратено со пофални зборови за успешно истакнати ставови и поддржано од присутните членови за успешна реализација, со мислења дека локалната самоуправа е многу важна и дека заедничките ставови треба да бидат цврсти и истрајни.

**<u>ЗАКЛУЧОК:</u>** Управниот одбор на ЗЕЛС едногласно го усвои документот – СИСТЕМАТИЗИРАНИ СТАВОВИ на ЗЕЛС и укажува на стручната служба на ЗЕЛС да ги информира сите единици на локалната самоуправа.

**<u>ПЕТТА ТОЧКА</u>: Разгледување на инцијативата од општината Тетово за измена на Предлог Законот за игри на среќа**

Градоначалничката на општина Тетово, Теута Арифи истакна дека целата иницијатива е започната како граѓанска иницијатива, по тенденција за отворање на ново казино. Истакна дека советот на Општина Тетово активно се вклучил во постапката за донесување на Предлог –Законот за измена и дополнување на Законот за игри на среќа, со цел ублажување и надминување на проблемите во оваа област. Посочи дека сметаат дека решението со кое се предвидува деловните простории во кои се приредуваат игри на среќа да бидат оддалечени најмалку 300 метри од објектите на основните и средните училишта, треба да се прошири и да се однесува и за оддалеченост од објектите на градинките, универзитетите, болниците, објекти од култура, државни инститиции, верски објекти и центарот на градот, како и да се предвидат механизми за вклученост на општините.

По ова прашање се отвори дискусија во поглед на тоа дека овој проблем не е поединечен и дека се јавува и во другите општини, како и дека суштината на проблемот е во тоа што општините немаат влијание и не партиципираат при издавање на одобрение за отворање за ваков тип на објекти или одземање на лиценци за истите, а граѓаните своето незадоволство го упатуваат токму кон локалните власти.

**<u>ЗАКЛУЧОК</u>:** Управниот Одбор на ЗЕЛС ја усвои инцијативата на општина Тетово за измена на Предлог - Законот за игри на среќа и и предлага на Владата на Република Македонија истата да биде разгледана и земена во предвид.

**<u>РАЗНО:</u>**

1. Градоначалникот на општина Центар, Саша Богдановиќ истакна проблем со кој секојдневно се соочуваат во централното градско подрачје во поглед на сообраќајниот режим и недоволен број на паркинг места, како и проблемот со начинот на толкувањето на односните законски одредби од страна на надлежните лица при Министерството за внатрешни работи. Појасни дека бескорисно е да се вложуваат парични средства во различни проекти, кои не наидуваат на одобрение. Предложи дека би било убаво да се бараат одредени законски измени или да се формира работна група која ќе понуди соодветни решенија. Исто така истакна дека многу законски решенија се носат, без претходна консултација со општините како засегнати страни. Истиот проблем беше посочен и од градоначалникот на општина Велес, Аце Коцевски укажувајќи дека сообраќајната полиција дозволува паркирање на магистрални патишта, а не дозволува за истото да се наплаќа. На ова се надворза и градоначалничката на општина Тетово, Теута Арифи која го посочи истиот проблем и даде мислење дека е потребно да се формира работна група или да се иницираат законски измени, во насока на решавање на проблемот.

**ЗАКЛУЧОК:**

1. Се формира работна група составена од Саша Богдановиќ, Градоначалник на општина Центар, Максим Димитриевски, градоначалник на општина Кумново, Марјан Даскаловски – Претседател на совет на општина Струмица и Душица Перишиќ, Извршен директор на ЗЕЛС, која ќе биде задолжена за водење на преговори со МВР на РМ и наоѓање на можни решенија за проблемот со сообраќајниот режим и паркинг просторот.

2. ЗЕЛС бара преку Допис упатен до Владата на Република Македонија, почитување на Меморандумот за соработка склучен со ЗЕЛС, со тоа што сите предложени нови законски решенија, или измени и дополнувања на постојните закони да бидат доставени на разгледување и давање мислење во ЗЕЛС.

2. Друг проблем кој беше истакнат е проблемот со спортските клубови од врвниот спорт и нивното финансирање. Иако постои законска основа врз која претпријатијата можат да одвојат дел од добивката за финансирање на овие спортски клубови, постои голема непознаница за оваа можност кај претрпијатијата, но и кај самите општини.

Имено беше истакнато дека општините кои финансираат спортски клубови мораат да издвојуваат големи средства за истите, па како не би се откажале од нив и не би довеле до згансување на спортот во Република Македонија, предложи да се најде решение преку помош од Владата на Република Македонија или да се овозможат одредени олеснувања кон оние кои би сакале да ги поддржат клубовите во вид на спонзорства. На ова се надоврза и градоначалникот на општина Прилеп, Илија Јованоски и, градоначалникот на општина Куманово Максим Димитриевски, околу тоа дека правните субјекти кои остваруваат добивка во тековната година, можат да одвојат парични средства во вид на спонзорство за спортските клубови, но само од една спортска гранка, на пр. само за ракомет, како и тоа дека правните субјекти не се доволно информирани за оваа можност. Беше истакнато и дека се работи на нови законски измени кои се однесуваат на компании со голема добивка, истите да можат истовремено преку спонзорства да поддржуваат повеќе гранки на спортот.

**ЗАКЛУЧОК:**

Управниот Одбор на ЗЕЛС во функција на афирмација на спортот во Република Македонија, бара од Министерството за финансии и УЈП да биде извршена презентација на законските решенија за придобивки на стопанските субјекти од финансирање на спорт и да обезбедат поддршка за спроведување на односните законски решенија, а тоа да го направат во соработка со Единиците на локалната самоуправа кои ќе имаат обврска да поканат претставници од сите претпријатија од нивните општини кои остваруваат добивка.

3. За збор се јави и Претседателот на советот на општина Струмица, Марјан Даскаловски кој укажа дека треба да се внимава во поглед на давањето на предлози во однос на Законот за постапување со бесправно изградени објекти. Имено со Законот не е решен проблемот со дивоградбите, напротив тој тренд продолжува, а вооедно се врши и злоупотреба на истиот. Истакна дека многу е тешко да се има целосен увид за сите дивоградби кои постојат на териотирјата на една општина.

На ова се надоврза и градоначалникот на општина Кичево, Фатмир Дехари кој истакна предлог дека деталните урбанистички планови треба да бидат во надлежност на општините, бидејќи градоначалниците се тие кои точно знаат каде и колку има потреба од градење, а во насока на решавање на проблемот со дивоградбите.

4. Исто така беше истакнат и проблем во врска со затајувањето во работата на централните инспекциски служби, во насока на контролирање на користењето, оптоварувањето, а воедно и уништувањето на локалните патишта од страна на концесионерите, бидејќи санирањето на локалните патишта повторно паѓа на товар на буџетот на општините. Исто така се укажа и на дефицитарност од инспектори и сообраќајни инженери. Посочен беше и проблем со кучињата скитници, како генерален проблем во повеќето општини, за што е потребно да се дискутираа за ова мошне сериозно прашање во насока на пронаоѓање на заеднички став и ефективно решение . Од не помало значење беа посочени и проблемите околу донесување на деталните урбанистички планови, особено оние поврзани со претстојните законски измени по односната тема.

Скопје 31 мај, 2018 г.

Составил:
Стручната служба на ЗЕЛС